ЗАБЕЛЕШКИ кон

ПРЕДЛОГ-ЗАКОН ЗА ДАНОК НА ЛИЧЕН ДОХОД

Почитувани,

МАКЕДОНСКА АВТОРСКА АГЕНЦИЈА доо Скопје, како институција со 65-годишно работење во областа на авторското право и исплата на авторски хонорари и хонорари по договор за дело ги дава следните забелешки на предложениот Закон за данок на личен доход:

1. Во член 12 од Предлог законот, точка 39 и 40, согласно постојниот Закон за персонален данок од доход, ослободени се од плаќање данок патните и други трошоци кои ги исплаќаат филмските продуценти и невладините организации. Од постојниот Закон за персонален данок од доход, член 6 гочка 29 не е превземена, па сметаме дека со тоа се **ставени во неповолна положба сите лица чии реални патни и дневни трошоци се исплаќани од страна на други субјекти**. Имено, не може да се прави разлика помеѓу патните трошоци на еден филмски режисер, на пример, и патните трошоци на еден музичар, информатичар и сл.
   На пример, за време на одржувањето на Мајските оперски вечери, во Македонија гостуваат изведувачи од странство. Зошто нивниот превоз и престој би бил оданочен а не и на претходно спомнатите категории на лица?
   **Предлагаме:**
   Текстот на член 6 гочка 29 од постојниот Закон за персонален данок од доход да се внесе соодветно во член 12 од Предлог законот, но да ги покрие сите ситуации, а не само за ангажирани лица од филмски продуценти и здруженија на граѓани, за реално направени трошоци.
   **Предлагаме нова одредба:**
   ***„Надоместоци на трошоци за сместување (ноќевање или ноќевање со појадок) и превоз за лица кои не се вработени кај исплатувачот, а кои се ангажирани за извршување на работа кај исплатувачот во функција на неговата дејност, а врз основа на документи за направените трошоци.***
   ***Како потребни документи за направените трошоци се сметаат особено: карти за превоз, сметки за престој во сместувачки капацитети и слично.“***

Трговско друштво за заштита на авторски и сродни права Македонска Авторска Агенција ДОО - Скопје
Бул. Кочо Рацин 14 • п.фах 148 • тел. + 389(0)2-3114-655, факс + 389(0)2-3215-841 • ж-ска 300000000020891
Trgovsko društvo za zaštita na avtorski i srodni prava Makedonska Avtorska Agencija DOO - Skopje
Bul. Koco Račin 14 • p.fax 148 • tel. + 389(0)2-3114-655, fax. + 389(0)2-3215-841 • ž-ska 300000000020891

2. Во член 41 од Предлог законот, изменети се признаените трошоци за изработка на авторски дела, па во овој дел ги поднесуваме следните забелешки:

Во точка 4) со најниски претпоставени трошоци - 20% се наведени : научни, стручни и публицистички дела.
Овие дела ниту по една логика не можат да бидат ставени заедно со изведувачите на естрадни програми поради фактот што **во нив спаѓаат : пишани дела (книги, студии, рецензии,елаборати ); архитектонски, градежни, информатички и други проекти, компјутерски програми.**
Напоменуваме дека висината на претпоставените трошоци не може секогаш да се определи според фактичките трошоци за изработка на делото, туку во историјата на даночното законодавство на овие простори, за **определување на трошоците влијаела и тежината на изработката на делото, поширокиот јавен интерес за поддршка на уметноста и науката, како и бараниот степен на стручност односно интелектуален ангажман за создавање на авторското дело.**

**Затоа, во духот на Законот за авторско право и сродни права предлагаме:**

***Пишаните дела (книги, рецензии,елаборати ); литературен превод; компјутерски програми ; архитектонски проекти и авторски надзор над тие проекти, градежни, , информатички и други технички проекти и ревизија на проекти; театарска режија; идејни решенија за хортикултура и партерно уредување,***
***да се внесат во член 41 точка 2) - 40% трошоци, односно да се вратат во неа согласно досегашните прописи.***

***Директор,***
***М-р Нина Даскалова Старделова***

***14.11.2018***

МАКЕДОНСКА АВТОРСКА АГЕНЦИЈА ДОО Скопје